**До:** Основен суд во Кратово – Кривичен оддел

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Вкупниот број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело *,,Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија"* согласно член 206 од Кривичниот Законик на РСМ од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година

2. Вкупниот број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело ,,Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" согласно член 206 од Кривичниот Законик на РСМ од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, **со изречена затворска казна**.

3. Вкупниот број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело ,,Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" согласно член 206 од Кривичниот Законик на РСМ од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, **со изречена парична казна.**

4. . Вкупниот број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело ,,Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" согласно член 206 од Кривичниот Законик на РСМ од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, **со изречена алтернативна мерка**.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________________

Барател на информацијата:

[redacted]

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во** 19.07, ____**2022 година .** ________[redacted]________

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.6/22
21.07.2022 година
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информации од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 19.07.2022 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од Кристијан Темелков од Скопје, по предметот Барање за информации од јавен карактер од 19.07.2022 година, СЕ УВАЖУВА целосно.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] на ден 19.07.2022 година на службениот е-маил на судот, имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ги доставува следните информации:

1.Во Основен суд Кратово во периодот од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година **има донесено вкупно 37 пресуди** против лица кои сториле кривично дело „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“ согласно чл.206 од КЗ.

2. Во Основен суд Кратово во периодот од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година **нема донесено пресуда со изречена затворска казна** против лица кои сториле кривично дело „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“ согласно чл.206 од КЗ.

3. Во Основен суд Кратово во периодот од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година **има донесено 28 пресуди со изречена парична казна** против лица кои сториле кривично дело „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“ согласно чл.206 од КЗ.

4. Во Основен суд Кратово во периодот од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година **има донесено 9 пресуди со изречена алтернативна мерка** против лица кои сториле кривично дело „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“ согласно чл.206 од КЗ.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 21.07.2022 година, под СПИ.бр.6/22

По овластување на Претседателот на судот,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово